СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТАТА НА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2015 ГОДИНА

# Содржина


1. БРОЈ НА ИЗБРАНИ И РАЗРЕШЕНИ СУДИИ И СУДИИ ПОРОТНИЦИ.................... 5
2. ПОСТАПКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НЕСТРУЧНО И НЕСОВЕСНО ВРШЕЊЕ НА СУДИСКАТА ФУНКЦИЈА И ЗА ДИСЦИПЛИНСКА ОДГОВОРНОСТ НА СУДИЈА.... 8
3. ОЦЕНА ЗА РАБОТАТА НА СУДИИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ОДНОС НА КВАЛИТЕТОТ И АЖУРНОСТА ВО НИВНАТА РАБОТА КАКО И ДРУГИ ПРАШАЊА ВО ВРСКА СО ОСТВАРУВАЊЕТО НА НЕЗАВИСНОСТА И САМОСТОЈНОСТА НА СУДСТВОТО........................................................................ 11
4. ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ И ПРЕДЛОЗИ НА ГРАЃАНИТЕ И ИНСТИТУЦИИТЕ ЗА РАБОТАТА НА СУДИИТЕ И СУДОВИТЕ...... 20
5. КАДРОВСКА СОСТОЈБА ВО СУДСКАТА ВЛАСТ ЗА 2015 ГОДИНА........................ 25
6. МАТЕРИЈАЛНО ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА ВО СУДСТВОТО И ВО СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА.................................................................. 28
7. ОЦЕНА ЗА СОРАБОТКАТА И ОДНОСИТЕ НА СУДОВИТЕ СО ДРУГИТЕ ПРАВОСУДНИ ОРГАНИ И ОРГАНИТЕ НА ЗАКОНОДАВНАТА И ИЗВРШНАТА ВЛАСТ......................................................................................................................... 35

Судскиот совет на Република Македонија, согласно со член 135 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија, го разгледа и го усвои следниот:

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2015 ГОДИНА

## ВОВЕД

Судскиот совет на Република Македонија, согласно член 135 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија до Собранието на Република Македонија поднесува годишен извештај за неговата работа.

Судскиот совет на Република Македонија (во натамошниот текст: Советот) е самостоен и независен орган на судската власт чии надлежности се дефинирани со Уставот и законите. Советот ја обезбедува и гарантира самостојноста и независноста на судската власт преку остварување на своите функции, при тоа обезбедувајќи еднаквост, рамноправност и недискриминација по која било основа и правна сигурност врз основа на начелата на владеење на правото, заштитата на човековите права и слободи и поделбата на државната власт на судска, законодавна и извршна, но и како баланс на трите власти во државата.

Советот, во текот на извештајниот период продолжи да се залага за современ и транспарентен судски систем кој се заснова на високите европски вредности, со цел да ја подигне довербата на граѓаните и да обезбеди полесен и поефикасен пристап до правдата.

Работите од своја надлежност, Советот ги разгледува и за нив одлучува на седница. На седниците Советот носеше одлуки кои се од важност за непречено функционирање и остварување на својата надлежност и тоа за:

- избор и разрешување на судии;
- избор и разрешување на претседателите на судовите;
- утврдување престанок на судиската функција;

- избор и разрешување на судии поротници;
- следење и оценување на работата на судиите;
- одлучување за дисциплинска одговорност на судиите;
- утврдување на престанок на судиската функција поради трајна неспособност за работа на судија;
- одлучување за одземање на имунитет на судија;
- одлучување по барање за одобрување на притвор на судија;
- предлагање двајца судии на Уставниот суд на Република Македонија од редот на судиите;
- одлучување за времено отстранување на судија од вршење на судиска функција;
- утврдување на бројот на потребните судиски места по судови;
- интервјуирање на кандидатите за сите судови;
- разгледување и оценување на тримесечните и годишните извештаи за работа на судовите;
- разгледување на извештајот на Врховниот суд на Република Македонија за утврдените начелни ставови и начелни правни мислења по прашања од значење за обезбедување на единство во примена на законите;
- расправање на претставки и поплаки на граѓаните и правните лица за работата на судиите и судовите на јавни седници;
- грижа за угледот на судиите и довербата на граѓаните кон судството;
- и други надлежности утврдени со закон.

Седниците на советот се јавни. Јавноста може да биде исклучена само со одлука на Советот заради заштита на угледот и интегритетот на судијата или кандидатот за судија. За исклучување на јавноста од седниците, Советот одлучува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

Во текот на извештајната 2015 година, Судскиот совет одржа 23 седници, како и поголем број на работни состаноци кои претходеа на седниците.

За натамошно зајакнување на независноста, непристрасноста, професионализацијата и транспарентноста на судството, Судскиот совет ќе продолжи со активности за реализација на новините во правната рамка во однос на изборот и унапредување на судии според новите критериуми, следење и оценување на работата на судиите според новите критериуми, финансирањето на судството, како и активности за обезбедување полесен и побрз пристап на граѓаните до правдата.

## БРОЈ НА ИЗБРАНИ И РАЗРЕШЕНИ СУДИИ И СУДИИ ПОРОТНИЦИ

Советот во текот на 2015 година, одлуките за огласување на упразнетите слободните судиски места во основните судови го вршеше согласно новите услови и критериуми утврдени со Законот за измена и дополнување на Законот за судови, само од редот на кандидатите од Академијата за судии и јавни обвинители.

Во текот на 2015 година, Советот за дел од упразнетите судиски места во судовите според постоечката систематизација не изврши избор на судии во судовите, туку ја искористи во со закон предвидената можност да донесе одлука за времено упатување на судиите од еден во друг суд. Така Судскиот совет донесе одлука за времено упатување на судии и тоа најдолго за време од една година:

Еден судија на ОС Крива Паланка и еден судија на ОС Кратово во ОС Скопје 2 Скопје;
Еден судија од ОС Радовиш во ОС Штип;
Еден судија од ОС Радовиш во ОС Свети Николе;
Двајца судии од ОС Кочани во ОС Делчево;
Еден судија од ОС Куманово во ОС Кратово;
Тројца судии од ОС Куманово во ОС Скопје 1 Скопје;
Тројца судии од ОС Тетово во ОС Скопје 1 Скопје;
Еден судија од ОС Штип во ОС Берово;
Еден судија од ОС Неготино во ОС Скопје 1 Скопје;
Еден судија од ОС Скопје 1 Скопје во ОС Гостивар;
Еден судија од ОС Велес во ОС Скопје 1 Скопје;
Еден судија од ОС Кавадарци во ОС Неготино;
Еден судија од ОС Куманово во ОС Скопје 1 Скопје;
Тројца судии од АС Битола во АС Скопје;
Тројца судии од АС Гостивар во АС Скопје и
Тројца судии од АС Штип во АС Скопје.

Советот одлуките за временото упатување на судиите ги донесе согласно член 39 од Законот за судовите, во случаи кога констатира состојба на значително зголемен обем на работата во овие судови и намалена ажурност. Овие одлуки Советот ги донесе за да не биде доведено

во прашање тековното работење на судот, и тоа од судовите кои имаат помал обем на работа и во кои ажурноста на судот може да се постигне и со помал број на судии определен со одлуката на Советот.

Од страна на Советот во текот на 2015 година е вршен избор на претседатели на судови и тоа:

**ИЗБРАНИ ПРЕТСЕДАТЕЛИ ОД СУДСКИ СОВЕТ НА РМ ВО ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2015 ДО 31.12.2015**

| Ред. бр. | Име и Презиме | Судија/Претседател на | Суд во кој е избран | Број на одлука |
|---|---|---|---|---|
| 1 | ГОЛУБИНКА КОЗОВСКА | претседател во ОС Берово | ОС Берово | 02-686/1 од 29.04.2015 |
| 2 | ДЕЈАН КРСТАНОВ | судија во ОС Битола | ОС Битола | 02-687/1 од 29.04.2015 |
| 3 | АЛЕКСАНДАР ШОПОВ | судија во ОС Велес | ОС Велес | 02-688/1 од 29.04.2015 |
| 4 | БЛАГОЈ ЦИКАРСКИ | ВД претседател во ОС Виница | ОС Виница | 02-689/1 од 29.04.2015 |
| 5 | ДРАГИ ДИЛБЕРОВ | претседател во ОС Гевгелија | ОС Гевгелија | 02-690/1 од 29.04.2015 |
| 6 | МИЛЕ ЃОРГИЕВ | ВД претседател во ОС Делчево | ОС Делчево | 02-691/1 од 29.04.2015 |
| 7 | ЗОРАН ЈОСИФОВСКИ | претседател во ОС Кавадарци | ОС Кавадарци | 02-692/1 од 29.04.2015 |
| 8 | БАКИ АЛИЛИ | претседател во ОС Кичево | ОС Кичево | 02-693/1 од 29.04.2015 |
| 9 | АНКИЦА ДИМИТРОВА | судија во ОС Крива Паланка | ОС Крива Паланка | 02-694/1 од 29.04.2015 |
| 10 | АЦО АНЃЕЛКОВСКИ | претседател во ОС Неготино | ОС Неготино | 02-695/1 од 29.04.2015 |
| 11 | ЈАНЕ ТРЕНЧЕВСКИ | претседател во ОС Прилеп | ОС Прилеп | 02-696/1 од 29.04.2015 |
| 12 | СЛОБОДАН АРСОВСКИ | претседател во ОС Свети Николе | ОС Свети Николе | 02-698/1 од 29.04.2015 |
| 13 | ИЛИР СУЛЕЈМАНИ | судија во ОС Скопје 2 | ОС Скопје 2 | 02-697/1 од 29.04.2015 |
| 14 | ЕМИЛ ПИЛАТОВ | претседател во ОС Штип | ОС Штип | 02-699/1 од 29.04.2015 |
| 15 | ЛИДИЈА ИВАНОВСКА | судија во Управен суд | Виш управен суд | 08-1201/1 од 10.07.2015 |
| 16 | ЉИЉАНА ИВАНОВСКА ШОПОВА | судија во АС Скопје | АС Скопје | 08-2067/1 од 26.11.2015 |
| 17 | ЕМИЛИЈА БУРИЌ | судија во ОС Штип | ОС Берово | 08-2068/1 од 26.11.2015 |
| 18 | КОСТАДИН ПЕТРОВ | судија во ОС Радовиш | ОС Радовиш | 08-2069/1 од 26.11.2015 |
| 19 | МАРИНА АБРАШЕВА | судија во ОС Струмица | ОС Струмица | 08-2143/1 од 09.12.2015 |
| 20 | ИФЕТ БАЈРАМОВСКИ | судија во ОС Струга | ОС Струга | 08-2310/1 од 24.12.2015 |

| Избрани Претседатели на судови од Судски совет на РМ |
|---|

| | | Вкупно | % |
|---|---|---|---|
| **Националност** | | | |
| 1 | Македонец | 17 | 85,00 |
| 2 | Албанец | 2 | 10,00 |
| 3 | Други | 1 | 5,00 |
| **Пол** | | | |
| 1 | машки | 14 | 70,00 |
| 2 | женски | 6 | 30,00 |
| | | | |
| **Вкупно избрани:** | | 20 | |







Со одлука на Советот од 2015 година е утврден бројот на судиите поротници во сите основни и апелациони судови во Република Македонија на вкупно 1173 судии поротници, а по претходно прибавено мислење од седници на основните и апелационите судови.

Советот врши избор и разрешување на судиите поротници по доставена предлог листа на претседателот на надлежниот основен и апелационен суд.

Во текот на 2015 година со одлуки на Советот се избрани вкупно 56 судии поротници и тоа во Основниот суд Скопје 1 Скопје. При изборот на судии поротници Советот водеше сметка да се обезбеди соодветна правична застапеност на граѓаните што припаѓаат на сите заедници.

Истовремено, Советот донесе одлуки со кои е утврден престанок на функцијата судија поротник и тоа во 19 случаи по сопствено барање на судијата поротник, а во 10 случаи поради наврешени 64 години старост.

# ПОСТАПКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НЕСТРУЧНО И НЕСОВЕСНО ВРШЕЊЕ НА СУДИСКАТА ФУНКЦИЈА И ЗА ДИСЦИПЛИНСКА ОДГОВОРНОСТ НА СУДИЈА

Во надлежност на Советот е и да утврдува престанок на судиската функција, да го разреши судијата од вршење на судиската функција поради потешка дисциплинска повреда или поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција.

Постапките за нестручно и несовесно вршење на судиската функција, како и постапката за утврдување на дисциплинска одговорност на судија во вршењето на судиската функција, пред Советот се водат согласно со одредбите на Законот за Судскиот совет на Република Македонија со кои е уредена оваа постапка.

Поведените постапки за утврдување одговорност на судијата се од итен и доверлив карактер и се водат без присуство на јавноста, освен во случаи кога по барање на самиот судија против кого е поведена постапката, Советот носи одлука и дозволува присуство на јавноста на седниците на кои се расправа по барањата за утврдување одговорност на судијата.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.20 од 12.02.2015 година) постапката за утврдување одговорност на судија во вршење на судиската функција сметано од примената на овој закон, поточно од 20.05.2015 година, се поведува по барање на Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност на судија. Постапките започнати до отпочнување на примената на овој закон се завршени според одредбите на Законот за Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија “ број 60/06, 150/10 и 100/11).

Советот во текот на 2015 година постапувал по едно барање за поведување постапка за нестручно и несовесно вршење на судиската функција.

Постапката беше иницирана во 2015 година против судија од ОС Скопје 1 Скопје.

Иницијативата, односно барањето за поведување постапка за нестручно и несовесно вршење на судиската функција е од претседателот на судот во кој работи судијата и тоа против:

- Судија на ОС Скопје 1 Скопје поради основано сомнение за сторена повреда на чл.75 ст.1 алинеја 10 од Законот за судовите (го нарушила угледот во вршењето на судиската функција со што сторила повреда на судскиот кодекс. Со правосилна пресуда е огласена за виновна за кривично дело несовесно работење во службата од чл.353-в ст.3 в.в. со ст.1 в.в. со чл.45 од КЗ, при што и е изречена алтернативна мерка-условна осуда со казна затвор во траење од 9 месеци, која нема да се изврши доколку не стори ново кривично дело за 2 години од правосилноста на пресудата.

Советот по повод поднесеното барање одржа седница на која донесе одлука дека ваквото барање е навремено, целосно и дозволено. За поднесеното барање согласно законот формирана е Комисија за испитување на основаноста на наводите изнесени во барањето за утврдување на нестручно и несовесно вршење на судиската функција, во состав од претседател и четири члена на Советот.

Комисијата за утврдување на нестручно и несовесно вршење на судиската функција, во текот на постапката ги прибави потребните податоци и докази од интерес за правилно утврдување на состојбата околу одговорноста на судијата, и врз основа на истите поднесе Извештај со предлог одлука за основаноста на барањето до Советот.

Со одлука на Советот беше разрешен судија на ОС Скопје 1 Скопје поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција.

До Жалбениот совет при Врховниот суд на Република Македонија судијата поднесе жалба на одлуката на Судскиот совет на Република Македонија за разрешување поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција.

До крајот на 2015 година Жалбениот совет при Врховниот суд на Република Македонија сеуште нема донесено одлука по изјавената жалба, па така одлуката на Судскиот совет на Република Македонија со која судијата се разрешува поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција не е правосилна.

Во 2015 година од страна на Жалбениот совет при Врховниот суд на Република Македонија прифатена е жалбата од судија на ОС Радовиш на одлуката на Судскиот совет на Република Македонија, со која судијата се разрешува поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција, по што Судскиот совет на РМ на 27.05.2015 година ја запре постапката (го отфрли барањето за поведување на постапката како неблаговремено) која била иницирана во 2013 година.

Во текот на 2015 година од страна на Советот се донесени и одлуки за престанок на судиската функција по други основи предвидени со закон и тоа:

- кај 29 судии е констатиран престанок на судиската функција поради навршени 64 години;
- за 1 судија е утврден престанок на судиската функција поради смрт;
- за 4 судии е утврден престанок на судиската функција по сопствено барање;
- и на 1 судија му е утврден престанок на вршење на судиската функција затоа што е осуден со правосилна судска пресуда.



## ОЦЕНА ЗА РАБОТАТА НА СУДИИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ОДНОС НА КВАЛИТЕТОТ И АЖУРНОСТА ВО НИВНАТА РАБОТА КАКО И ДРУГИ ПРАШАЊА ВО ВРСКА СО ОСТВАРУВАЊЕТО НА НЕЗАВИСНОСТА И САМОСТОЈНОСТА НА СУДСТВОТО

Советот, согласно член 31 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија е надлежен да ја следи и оценува работата на судиите и претседателите на судовите, како и да ги разгледува тромесечните и годишните извештаи за работата на судиите, а со тоа и работата на судовите.

Во рамките на следењето и оценувањето на работата на судиите и судовите Судскиот совет на Република Македонија ги разгледа и усвои извештаите за работата на судовите во Република Македонија и тоа за работата на Врховниот суд на РМ, Вишиот управен суд, Управниот суд, апелационите судови и основните судови во Република Македонија за 2015 година.

Според податоците генерирани преку АКМИС програмата, изготвен е табеларниот приказ на нерешените предмети од претходниот период, примените предмети, вкупно предмети во работа, решени предмети, нерешени предмети на крајот на периодот и разлика од нерешени предмети на почетокот и на крајот на 2015 година.

ПРИЛИВ НА ПРЕДМЕТИ ВО СУДОВИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2015 ГОДИНА

| рб | Суд | Нерешени предмети од претходната година | Примени предмети | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Нерешени предмети на крајот од годината | Разлика од нерешени предмети на почеток и крај на годината |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Врховен суд на РМ** | 1716 | 5517 | **7233** | 5431 | **1802** | **-86** |
| 2 | **Виш управен суд** | 82 | 5445 | **5527** | 4432 | **1095** | **-1013** |
| 3 | **Управен суд на РМ** | 10773 | 15143 | **25916** | 16044 | **9872** | **901** |
| | | | **Апелациони судови** | | | | |
| 1 | **АС Битола** | 481 | 7828 | **8309** | 7650 | **659** | **-178** |
| 2 | **АС Гостивар** | 461 | 6808 | **7269** | 6460 | **809** | **-348** |
| 3 | **АС Скопје** | 6274 | 20103 | **26377** | 18961 | **7416** | **-1142** |
| 4 | **АС Штип** | 91 | 5365 | **5456** | 4936 | **520** | **-429** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **АС БИТОЛА - Основни судови** | | | | | | | |
| 1 | **ОС Битола** | 6866 | 22956 | **29822** | 25095 | **4727** | **2139** |
| 2 | **ОС Крушево** | 267 | 1682 | **1949** | 1718 | **231** | **36** |
| 3 | **ОС Охрид** | 5692 | 17027 | **22719** | 16643 | **6076** | **-384** |
| 4 | **ОС Прилеп** | 4958 | 18728 | **23686** | 20128 | **3558** | **1400** |
| 5 | **ОС Ресен** | 809 | 3473 | **4282** | 3654 | **628** | **181** |
| 6 | **ОС Струга** | 2754 | 14239 | **16993** | 14378 | **2615** | **139** |
| **АС ГОСТИВАР - Основни судови** | | | | | | | |
| 1 | **ОС Гостивар** | 8250 | 36358 | **44608** | 37014 | **7594** | **656** |
| 2 | **ОС Дебар** | 377 | 5529 | **5906** | 5564 | **342** | **35** |
| 3 | **ОС Кичево** | 973 | 13557 | **14530** | 13661 | **869** | **104** |
| 4 | **ОС Тетово** | 6183 | 27028 | **33211** | 28031 | **5180** | **1003** |
| **АС СКОПЈЕ - Основни судови** | | | | | | | |
| 1 | **ОС Велес** | 2499 | 18096 | **20595** | 18102 | **2493** | **6** |
| 2 | **ОС Гевгелија** | 750 | 13286 | **14036** | 13448 | **588** | **162** |
| 3 | **ОС Кавадарци** | 1755 | 10607 | **12362** | 10987 | **1375** | **380** |
| 4 | **ОС Кратово** | 163 | 1796 | **1959** | 1799 | **160** | **3** |
| 5 | **ОС Крива Паланка** | 679 | 4990 | **5669** | 4993 | **676** | **3** |
| 6 | **ОС Куманово** | 8128 | 30002 | **38130** | 32410 | **5720** | **2408** |
| 7 | **ОС Неготино** | 2137 | 6495 | **8632** | 7369 | **1263** | **874** |
| 8 | **ОС Скопје I Скопје** | 43981 | 81759 | **125740** | 83532 | **42208** | **1773** |
| 9 | **ОС Скопје II Скопје** | 15703 | 42948 | **58651** | 45054 | **13597** | **2106** |
| **АС ШТИП - Основни судови** | | | | | | | |
| 1 | **ОС Берово** | 223 | 3864 | **4087** | 3809 | **278** | **-55** |
| 2 | **ОС Виница** | 294 | 3674 | **3968** | 3720 | **248** | **46** |
| 3 | **ОС Делчево** | 752 | 5417 | **6169** | 5213 | **956** | **-204** |
| 4 | **ОС Кочани** | 1442 | 11158 | **12600** | 11343 | **1257** | **185** |
| 5 | **ОС Радовиш** | 339 | 9278 | **9617** | 9009 | **608** | **-269** |
| 6 | **ОС Св. Николе** | 666 | 5015 | **5681** | 5232 | **449** | **217** |
| 7 | **ОС Струмица** | 4215 | 25219 | **29434** | 26183 | **3251** | **964** |
| 8 | **ОС Штип** | 2972 | 13943 | **16915** | 14162 | **2753** | **219** |

**Вкупно за судовите на цела територија на Р. Македонија**

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **143705** | **514333** | **658038** | **526165** | **131873** | **11832** |

Од презентираниот табеларен приказ и доставените извештаи од страна на судовите, Судскиот совет на Република Македонија го утврди следното:

**Врховниот суд на Република Македонија** во 2015 година не остварил ефикасност и ажурност во решавањето на предметите, така што не го совладал приливот на новопримените предмети и го зголемил заостатокот за 86 предмети.

**Вишиот управен суд** во 2015 година не успеал да го совлада приливот на новопримените предмети, и го зголемил заостатокот на нерешени предмети за 1013 предмети, па се оценува како неефикасен и неажурен суд.

**Управниот суд** во 2015 година го совладал приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 901 предмет, со што во 2015 година постапувал како ефикасен и ажурен суд.

**Апелационо подрачје Битола**

**Апелационен суд Битола** во 2015 година не успеал да го реши приливот на новите предмети и го зголемил заостатокот за 178 предмети, со што истиот се оценува како неефикасен и неажурен суд.

**Основен суд Битола** успеал да го совлада приливот на новопримените предмети во 2015 година со тоа заостатокот на предмети е намален за 2139 предмети, така што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Крушево** во 2015 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 36 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Струга** во 2015 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 139 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Ресен** во 2015 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 181 предмет, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Прилеп** во 2015 година успеал да го совлада приливот го намалил заостатокот на нерешени предмети за 1400 предмети, поради што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основен суд Охрид** во 2015 година не успеал да го совлада приливот и го зголемил заостатокот за 384 предмети, поради што се оценува како неефикасен и неажурен суд.

Според изнесените податоци за работата на судовите на подрачјето на Апелациониот суд Битола се констатира дека основните судови на ова

подрачје во 2015 година, годината ја започнале со нерешени 21346 предмети, со новопримени 78105 предмети, во работа имале фонд на предмети од 99451 предмети. Од овој вкупен фонд на предмети што биле во работа во судовите на ова подрачје во 2015 година, судовите, односно судиите успеале да решат вкупно 81616 предмети.

Од констатираните состојби произлегува дека судовите на подрачјето на Апелациониот суд во Битола во целина успеале да го решат приливот и со тоа заостатокот е намален за 3511 предмети во однос на нерешените предмети од претходната година.

## Апелационо подрачје Гостивар

**Апелациониот суд Гостивар** во 2015 година не успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го зголемил заостатокот за 348 предмети, со што се оценува како неефикасен и неажурен суд.

**Основниот суд Гостивар** во 2015 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 656 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Тетово** во 2015 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 1003 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Кичево** во 2015 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 104 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Дебар** во 2015 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 35 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

Од наведеното произлегува дека основните судови на подрачјето на Апелациониот суд Гостивар во 2015 година го совладале приливот и го намалиле заостатокот на нерешени предмети за 1798 предмети, со што подрачјето во целост се оценува како ажурно и ефикасно.

Во Основните судови на подрачјето на Апелациониот суд Гостивар во 2015 година, нерешени предмети на почетокот на годината имало 15783 предмети. Во текот на годината примиле 82472 нови предмети. Вкупно во работа во текот на годината имале 98255 предмети, од кои судиите решиле 84270 предмети на крајот на годината, со што во извештајната година останале вкупно 13985 нерешени предмети.

## Апелационо подрачје Скопје

**Апелационен суд Скопје** во 2015 година не успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го наголемил заостатокот за 1142 предмети, со што се оценува како неефикасен и неажурен суд.

**Основниот суд Скопје 1 Скопје** во 2015 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 1773 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Скопје 2 Скопје** во 2015 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 2106 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Куманово** во 2015 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 2408 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Велес** во 2015 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 6 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Гевгелија** во 2015 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 162 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Кавадарци** во 2015 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 380 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Неготино** во 2015 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 874 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Крива Паланка** во 2015 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 3 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Кратово** во 2015 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 3 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

Според изнесените податоци за работата на судовите на подрачјето на Апелациониот суд Скопје се констатира дека основните судови на ова подрачје во 2015 година, годината ја започнале со нерешени 75795 предмети, со новопримени 209979 предмети, во работа имале фонд на предмети од 285774 предмети. Од овој вкупен фонд на предмети што биле во работа во судовите на ова подрачје во 2015 година, судовите, односно судиите успеале да решат вкупно 217694 предмети.

Според тоа произлегува дека на 31.12.2015 година на подрачјето на Апелациониот суд во Скопје во судовите останале вкупно нерешени 68080 предмети.

Од констатираните состојби произлегува дека судовите на подрачјето на Апелациониот суд во Скопје во целина успеале да го решат

приливот и со тоа да се намали заостатокот за 7715 предмети во однос на нерешените предмети на 01.01.2015 година, со што подрачјето се оценува во целост како ажурно и ефикасно.

## Апелационо подрачје Штип

**Апелационен суд Штип** во 2015 година не успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го зголемил заостатокот за 429 предмети, со што се оценува како неефикасен и неажурен суд.

**Основниот суд Струмица** во 2015 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 964 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Штип** во 2015 година успеал да го совлада приливот и го намалил заостатокот на нерешени предмети за 219 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Кочани** во 2015 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 185 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Свети Николе** во 2015 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 217 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Радовиш** во 2015 година не успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го зголемил заостатокот за 269 предмети, со што се оценува како неефикасен и неажурен суд.

**Основниот суд Берово** во 2015 година не успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го зголемил заостатокот за 55 предмети, со што се оценува како неефикасен и неажурен суд.

**Основниот суд Делчево** во 2015 година не успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го зголемил заостатокот за 204 предмети, со што се оценува како неефикасен и неажурен суд.

**Основниот суд Виница** во 2015 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 46 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

Според изнесените податоци на подрачјето на Апелациониот суд Штип, судовите во целина успеале да го решат приливот и да го намалат заостатокот за 1103 предмети, со што подрачјето се оценува во целост како ажурно и ефикасно.

Судовите на ова подрачје во 2015 година, годината ја започнале со нерешени 10903 предмети, со новопримени 77568 предмети, а во работа имале фонд на предмети од 88471 предмет. Од овој вкупен фонд на предмети што биле во работа во судовите на ова подрачје во 2015 година, судовите успеале да решат вкупно 78671 предмет.

Според тоа произлегува дека на 31.12.2015 година на подрачјето на Апелациониот суд во Штип во судовите останале вкупно нерешени 9800 предмети.

**Од горе изнесената состојба за работата на судовите за 2015 година, произлегува дека:**

Во Република Македонија, во сите судови, на 01.01.2015 година затекнати се нерешени 143705 предмети, примени се 514333 нови предмети, вкупно предмети во работа имало 658038, вкупно се решени 526165 предмети, така што на 31.12.2015 година останале нерешени 131873 предмети. Ова значи дека на ниво на државата во целина судовите работеле ефикасно и ажурно, со оглед да успеале да го совладаат приливот на новопримените предмети и да го намалат заостатокот за 11832 предмети.

Според претходно дадените податоци, по апелационите подрачја, во 2015 година, најмногу новопримени предмети, предмети во работа и решени предмети, имало на подрачјето на Апелациониот суд Скопје, а најмалку, по сите категории, во подрачјето на Апелациониот суд Штип.

Според евиденцијата на пополнетите судиски места и бројот на активните судии, се констатира дека на почетокот од 2015 година, постапувале 608 судии.

## Број на активни судии

| Година | Датум | Активни судии | Датум | Активни судии | Просечен број на судии |
|---|---|---|---|---|---|
| 2014 | 01.01.2014 | 656 | 31.12.2014 | 608 | 632 |
| 2015 | 01.01.2015 | 608 | 31.12.2015 | 543 | 575 |
| **Разлика** | | **-48** | | **-65** | **-57** |

Доколку се споредуваат 2015 и 2014 година, може да се забележи дека на почетокот од 2015 година има 48 помалку активни судии во однос на почетокот на 2014 година. На крајот од 2015 година има 65 помалку активни судии во однос на крајот на 2014 година. Или просечно во 2015 година може да се земе бројката од 575 активни судии, а во 2014 годни 632 активни судии.

Во прилог на зголемување на ефикасноста во судството во текот на 2015 година од страна на Судскиот совет во соработка со претседателите на судовите беа превземани конкретни мерки за намалување на заостатокот со старите предмети во судството, постари од десет години, како резултат на што беа решени голем број на стари предмети во сите судови во РМ. Од страна на Судскиот совет продолжија и активностите за спроведување на Методологијата за судска статистика со цел овозможување на побрзо и поквалитетно собирање и анализа на податоци за правосудството. Во Судскиот Совет во функција е апликацијата за Судска статистика која овозможува генерирање на единствени статистички податоци за правосудството во Република Македонија согласно утврдента Методологија за судска статистика.

Во делот на следењето на работата на судовите и судиите како една од основните и најзначајните активности на Судскиот совет на РМ во рамките на надлежноста утврдена со закон е да ја следи и ја оценува работата на судиите и претседателите на судовите. Следењето и оценувањето на работата на судиите се врши на начин и постапка утврдени со Законот за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 150/2010), без притоа да се наруши независноста и самостојноста на судијата при вршење на судиската функција.

Целта на следењето и оценувањето на работата на судијата е јакнење на личната мотивација на судиите, обезбедување натамошен професионален развој на судиите врз основа на нивните лични и професионални способности без какво било влијание. Оценувањето на работата на судиите се врши врз основа на вкупните резултати на работата на судијата, непосредно следење, дополнителни и посебни критериуми во врска со вршење на функцијата утврдени со Законот.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 61/2015), се предвиде дека Судскиот совет врши континуирано две годишно следење и оценување на работата на судиите. Со оглед дека од страна на Судскиот совет беше извршено оценување на работата на судиите и претседателите на судовите за 2014 година, за 2015 година не се спроведе оценување на работата на судиите и претседателите на судовите, согласно постапката дефинирана во закон.

## ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ И ПРЕДЛОЗИ НА ГРАЃАНИТЕ И ИНСТИТУЦИИТЕ ЗА РАБОТАТА НА СУДИИТЕ И СУДОВИТЕ

Со Законот за Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување на одговорност за судија („Службен весник на Република Македонија“ бр.20 од 12.02.2015 година), сметано од 20.05.2015 година надлежноста постапување по претставките и поплаките на граѓаните и правните лица за работата на судиите и судовите, од Судскиот совет на Република Македонија премина во Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување на одговорност за судија.

Имајќи ги предвид одредбите од овој закон, Судскиот совет на Република Македонија постапуваше по претставките и поплаките на граѓаните и правните лица примени во Судскиот совет до влегување на примена на законот. Притоа Советот согласно Законот за Судскиот совет на РМ, најмалку еднаш месечно расправаше поединечно по сите претставки и поплаки поднесени од граѓаните и правните лица за работата на судиите и судовите, кои седници согласно законот се јавни.

Во текот на 2015 година Судскиот совет на Република Македонија постапувал по вкупно 615 претставки од кои затечени се 228 претставки, новопримени биле 387 претставки, а биле решени сите 615 претставки или во работа не останала ниту една претставка.




Советот објективно, неселективно и ажурно постапуваше по претставките и предметите, како во однос на подносителот така и во однос на проблемот или лицата за кои тие се однесуваа. Пред да се пристапи кон реферирање на претставката на седница на Советот, врз основа на

наводите во претставката, се вршат извиди при што се прибавуваат и изјави од судиите, претседателите на судовите, а по потреба се врши увид и во судскиот предмет на кој се однесува претставката.

Седниците на Судскиот совет на кои се расправаше по претставките беа јавни. Судскиот совет редовно на својата web страна објавува известување за денот и часот на одржување на седницата и бројот на претставката која ќе биде реферирана. Со тоа се известуваат сите заинтересирани подносители на претставките, дека може да присуствуваат на седниците и да ја следат расправата по претставките, со што се зголемува отчетноста и транспарентноста во работењето на Советот.

Во текот на 2015 година Судскиот совет одржа вкупно 9 седници на кои се расправаше по вкупно 615 претставки и поплаки на граѓаните и правните лица за работата на судиите и судовите во Република Македонија. Врз основа на извршените извиди и прибавените податоци, Советот на седница расправа за основаноста или за неоснованоста на претставката.

Од спроведените анализи на наводите како основ за поднесување на претставките, произлезе дека од вкупниот број на претставки по кои расправал Советот најголем е бројот на претставки во кои подносителите очекуваат Судскиот совет да ја преиначи веќе донесената одлука на судот или да утврди друга фактичка состојба поинаква од онаа што ја утврдил судот.

Во дел од претставките се укажува на незадоволство од работењето на судот поради одолговлекување на постапката пред судот, случаи кога не се почитувани со закон предвидените рокови за преземање на процесните дејствија на донесување, објавување и изготвување на судските одлуки и сл.

Исто така, подносителите на претставките сметаат дека судиите во текот на постапувањето по одделни предмети не го примениле правилно законот, односно сториле повреда на процесниот и материјалниот закон со што покажале нестручност и несовесност во вршењето на судиската функција.

Од вкупно 615 претставки по кои Советот на седница расправал, најде дека само во 17 претставки наводите се основани и тоа во 7 предмети поради непочитување на законските рокови, а во 10 случаи поради погрешна примена на материјалното право или повреда на процесниот закон.

Во случаите кога Судскиот совет ќе утврди дека наводите во претставката се основани, за тоа го известува подносителот на претставката, но и судијата кој постапувал по предметот. За основаните претставки за кои Советот констатирал пропусти во работата на судијата се води евиденција и се следи работата на судијата, со што ваквото негово постапување може да биде основ Советот да иницира постапка за утврдување одговорност на судијата заради нестручно и несовесно вршењето на судиската функција.

Во останатите 598 расправани претставки, наводите се оценети како жалбени наводи, со што Советот утврди дека претставките се неосновани. Во случаи кога се констатира неоснованост на претставката се известува подносителот на претставката дека Советот е надлежен да ја преиспита работата на судијата, но не може да ја промени донесената одлука со оглед дека судската одлука може да се менува или укинува единствено од надлежен суд, во постапка пропишана со закон, по евентуален правен лек.

Исто така од извршената анализа на поднесените претставки може да се констатира дека тие се однесуваат на работата на судиите како во основните така и на судиите на повисоките судови, апелационите, управните, па и на работата на судиите на Врховниот суд на РМ.

Број на претставки по судови:

| Р. бр. | Суд | Вк. |
|---|---|---|
| 1 | ОС Берово | 6 |
| 2 | ОС Битола | 18 |
| 3 | ОС Велес | 13 |
| 4 | ОС Виница | 4 |
| 5 | ОС Гевгелија | 7 |
| 6 | ОС Гостивар | 19 |
| 7 | ОС Дебар | 0 |
| 8 | ОС Делчево | 4 |
| 9 | ОС Кавадарци | 7 |
| 10 | ОС Кичево | 11 |
| 11 | ОС Кочани | 14 |
| 12 | ОС Кратово | 3 |
| 13 | ОС Кр. Паланка | 1 |
| 14 | ОС Крушево | 2 |
| 15 | ОС Куманово | 35 |
| 16 | ОС Неготино | 7 |
| 17 | ОС Охрид | 8 |
| 18 | ОС Прилеп | 16 |

| | | |
|---|---|---|
| 19 | ОС Радовиш | 1 |
| 20 | ОС Ресен | 3 |
| 21 | ОС Св. Николе | 1 |
| 22 | ОС Скопје 1 | 29 |
| 23 | ОС Скопје 2 | 68 |
| 24 | ОС Струга | 14 |
| 25 | ОС Струмица | 18 |
| 26 | ОС Тетово | 16 |
| 27 | ОС Штип | 13 |
| 28 | АС Битола | 28 |
| 29 | АС Гостивар | 46 |
| 30 | АС Скопје | 65 |
| 31 | АС Штип | 29 |
| 32 | Врховен суд на РМ | 14 |
| 33 | Управен суд | 34 |
| 34 | Виш управен суд | 5 |

| | |
|---|---|
| Вкупно | 559 |

Од анализата на претставките поднесени по судови презентирани во горенаведената табела произлегува дека најголем број на претставки, вкупно 170 се однесуваат на работата на судовите на апелационото подрачје Скопје. Секако, ваквата состојба е како резултат на тоа што ова апелационо подрачје е со најголем број судии кои постапуваат како и најголем број на судски предмети во работа.

Како подносители на претставките се јавуваат физички лица, правни лица, здруженија на граѓани, сојузи, адвокати и сл. Советот постапуваше и по претставки препратени на надлежност од други државни институции од кои најбројни беа од Министерството за правда. Исто така, Советот постапуваше и по анонимните претставки, во смисла на тоа дека се испитуваа наводите во тие претставки и се преземаа дејствија по истите доколку постоеја индиции за нивна основаност.

| **1. Физички лица** | |
|---|---|
| Вкупно: | 347 |

| **2. Правни лица** | |
|---|---|
| АД | 9 |
| ДОО | 6 |
| ДООЕЛ | 12 |
| ЈП | 1 |

| | |
|---|---|
| Други | 0 |
| Вкупно: | 28 |

| **3. Невладини организации и непрофитабилни здруженија на граѓани** | |
|---|---|
| Вкупно: | 0 |

| **4. Државни институции (препратено на надлежност)** | |
|---|---|
| Агенции при Влада на РМ | 1 |
| Државна комисија за спречување на корупцијата | 1 |
| Јавно обвинителство | 1 |
| Министерство за правда | 25 |
| Народен правобранител | 0 |
| Собрание на РМ | 0 |
| Вкупно: | 28 |

| **5. Анонимни** | |
|---|---|
| Вкупно: | 12 |

Исто така од извршената анализа на податоците во текот на извештајната година констатирано е дека интензитетот на прилив на претставки од страна на граѓаните и институциите го следи трендот од 2014 година. При ова треба да се има предвид дека во бројот на претставките евидентирани во Советот во извештајниот период значаен е бројот на претставки кои се доставени од страна на институции и судови до кои граѓаните и правните лица се обратиле истовремено и со иста претставка како и до Советот. Тоа значи дека е помал бројот на претставки по кои Советот ефективно постапувал и преземал активности во рамките на надлежноста утврдена со закон.

Советот настојува ажурно да постапува по доставените претставки, но во извршувањето на работите од својот делокруг е зависен од брзината на добивањето одговори од судовите и другите институции до кои се обраќа, а без кои не е можно решавање на претставката. Советот објективно, неселективно и ажурно постапуваше по претставките и предметите, како во однос на подносителот така и во однос на проблемот или лицата за кои тие се однесуваа, со што дава свој придонес за зајакнување на довербата на граѓаните во судството.

# КАДРОВСКА СОСТОЈБА ВО СУДСКАТА ВЛАСТ ЗА 2015 ГОДИНА

Во 2015 година во судската власт беа вработени 2.498 административни и судски службеници (состојба 31.12.2015 година). Вработените во судската администрација вршат стручни, управно надзорни, административно-технички, извршни и други работни задачи за процесуирање на предметите во работа во судовите.

Старосната, половата, образовната и националната структура на вработените (без членовите на Судскиот совет на РМ и судиите) е разнолика.

*Образовна структура*

| Степен на образование | Број на вработени | Процентуална застапеност |
| --- | --- | --- |
| **ВСС** | 722 | **28,90** |
| **ССС** | 1.592 | **63,73** |
| **Основно образование** | 184 | **7,37** |
| **вкупно** | **2.498** | **100,00** |

*Полова структура*

| Пол | Број на вработени | Процентуална застапеност |
| --- | --- | --- |
| **мажи** | 946 | **37,87** |
| **жени** | 1.552 | **62,13** |
| **вкупно** | **2.498** | **100,00** |

*Староснa структура*

| Возраст | Број на вработени | Процентуална застапеност |
|---|---|---|
| **0-24 години** | 31 | **1,24** |
| **25-49 години** | 1.476 | **59,09** |
| **Постари од 50 години** | 991 | **39,67** |
| **вкупно** | **2.498** | **100,00** |

*Етничка структура*

**ПРИПАДНОСТ НА ЗАЕДНИЦА**

| | **Македонци** | **Албанци** | **Турци** | **Роми** | **Срби** | **Власи** | **Бошњаци** | **други** | **ВКУПНО вработени** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Судска Администрација** | 2.041 | 323 | 36 | 25 | 20 | 29 | 10 | 14 | **2.498** |
| **Процентуална застапеност** | 81,17 | 13,37 | 1,34 | 1,05 | 0,88 | 1,26 | 0,34 | 0,59 | **100,00** |

***Вработувања во судската власт во 2015 година***

Во текот на 2015 година во судската власт се реализираа 223 вработувања по разни основи и тоа: 209 лица се вработија по објавени огласи за вработување (по добиена согласност од Министерството за финансии), 10 извршители се преземени од ЈП „Македонски шуми“, 2 извршители се преземени од Министерството за правда и 2 извршители се преземени од Секретаријатот за спроведување на рамковниот договор.

И покрај тоа што во текот на 2015 година во судовите се реализираа претходно наведените вработувања, состојбата на недостиг на соодветен

потребен кадар во судството беше присутна во текот на годината. Тоа се однесува на:

- раководен кадар кој ќе му помага на претседателот на судот, односно судскиот администратор во раководењето со судската служба и вршењето на работите од судската управа (раководители на служба, раководители на судски оддел, раководители на судско одделение, раководители на одделение и сл.).

- потребен стручен и административно-технички кадар кој е директно во функција на судиите и остварувањето на нивната функција (стручни соработници, дактилографи, раководители на оддели, преведувачи, доставувачи, вработени во писарница и сл.).

- стручни кадри од областа на човечките ресурси, внатрешна ревизија, јавна внатрешна финансиска контрола, стратешко планирање и сл. Односно се работи за кадри кои не се директно во функција на судиската функција, но кои современите текови на функционирање на институциите го наметнуваат како потреба.

# МАТЕРИЈАЛНО ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА ВО СУДСТВОТО И ВО СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Согласно Законот за судски буџет, Судскиот буџет претставува годишна процена на приходите и трошоците на судските единки корисници што ги утврдува Собранието на Република Македонија и е наменет за нивно финансирање. Судскиот буџет се состои од две програми:

**Програма 20**- *судска администрација* која ги опфаќа средствата за финансирање на активностите и функциите на Судскиот совет на РМ, Врховниот суд на РМ, Вишиот управен суд, Управниот суд, апелациските судови и основните судови со основна и проширена надлежност.

**Програма 30**- *Академија за судии и јавни обвинители* која ги опфаќа средствата за финансирање на активностите на Академијата.

Во 2015 година вкупно одобрениот буџет за судската власт за двете програми изнесуваше 1.853.691.000 денари. Од овие средства 1.794.306.000 денари се приходи од централниот Буџет на Република Македонија, 52.785.000 се сопствени приходи и 6.600.000 денари се однесуваат на приходи од донации. Сопствените приходи се однесуваат на приходи остварени од наплата на судските паушали и закупнини од издавање на деловен простор што согласно Законот за судски буџет се приходи на судовите.

Во текот на годината беше извршен ребаланс на буџетот на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр.144 од 24.08.2015 година), беа извршени и бројни пренамени на средства со цел максимално искористување на одобрениот буџет, согласно потребите на единките корисници на судската власт.

Реализацијата на буџетот за 2015 година за раздел 29010-судска администрација изнесува 99,05 % и е во согласност со напорите на Судскиот буџетски совет за обезбедување на максимална реализација на буџетските средства во текот на годината.

Структурата на буџетот по програми и категории за 2015 година е претставен во следната табела.

| Категорија | Судска власт Конечен буџет 2015 | % | Реализација | % |
|---|---|---|---|---|
| Плати и надоместоци | 1.532.260.000 | 82,45 | 1.528.824.342 | 99,78 |
| Стоки и услуги | 284.003.126 | 15,28 | 272.084.414 | 95,79 |
| Субвенции и трансфери | 27.805.854 | 1,50 | 27.720.59 | 99,69 |
| Капитални расходи | 14.292.020 | 0,77 | 12.116.153 | 84,78 |
| | 1.858.361.000 | 100,00 | 1.840.745.505 | 99,05 |

Притоа забележливо е доминантното учество од 82,45 % на категоријата 40-плати и надоместоци од плати, а ниското учество на останатите три категории. Категоријата 42 стоки и услуги која во вкупниот буџет учествува со 15,28% е недоволна за подмирување на сите обврски од работењето на судовите кои произлегуваат од редовната работа на судовите.




Споредбената анализа на судскиот буџет за 2015 во однос на буџетот од 2014 година ја покажува истата структурна застапеност на различните категории на трошоци со минимално намалување на расходите за плати и надоместоци од 2,87% и капиталните расходи од 0,71%, на сметка на зголемување на расходите за стоки и услуги од 3,14% и субвенции и трансфери од 0,43%.



# ГОДИШЕН ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ НА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА За 2015 година

Судскиот совет на Република Македонија, како самостоен орган на судството своето финансиско работење го темели само и единствено од средствата на Буџетот на Република Македонија кои средства, како единка корисник од втора линија, ги добива од Судскиот буџетски совет.

Во календарската 2015 година за функционирањето на овој орган се потрошени финансиски средства во износ од 38.033.428,00 денари, кои во споредба со трошоците во 2014 година во износ од 37.931.210,00, претставува идентичен Буџет, односно има отстапување во номинален износ од 102.272,00 денари.

Бројот на вработени во текот на 2015 се задржа на исто ниво од 45 вработени. Двајца вработени од стручната служба заминаа во старосна пензија во месец август, а во април месец во Советот се вработија две лица со високо образование со Правен факултет. Во поглед на вработените во стручната служба се наметнува проблемот со заминување на вработени по било кој основ, да не се овозможува вработување на лица на испразнетите работни места што се одразува на работењето на институцијата, особено кога вработените заминуваат по основ на старосна пензија.

За остварување на работите од својот делокруг, утврдени со Уставот на Република Македонија и Законот за Судски совет, во изминатата фискална година имаше реализација на финансиски средства во износ од 38.033.428,00 денари, при што се испочитувани принципите на рационално, ефикасно и строго наменско трошење, имајќи ја во предвид рестриктивната буџетска политика.

Општа карактеристика за структурата на трошоците на буџетските средства е што најголем процент од 87,45% се однесува на исплатени плати за вработените и обврските од плати, а трошоци за останатите потреби се сведени на минимум. Значи, соодносот на потрошените финансиски средства за обврски од плата и надоместоци, со останатите севкупни трошења во Советот е 9:1. Имајќи во предвид дека од страна на Советот, во текот на целата година, се објавуваат огласи за избор на судии за сите судови, се спроведуваат постапки и се објавуваат тендери за јавни набавки преку Бирото и Советот за јавни набавки за судството воопшто и за потребите на Советот, што повлекува и финансиски импликации особено на расходната ставка 426.

Исто така во текот на 2015 година, во неколку наврати се спроведуваше постапка за избор на членови на Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување на одговорност на судија. За спроведување на сите активности околу формирањето на овој правен субјект во состав на судска власт и самите избори се направија и финансиски трошоци, кои се реализираа преку жиро сметка на Судски совет, како корисник од втора линија, а не од финансиските средствата на Судски буџетски совет како носител на судска власт.

Преглед на реализација на финансиски средства во процентуален и номинален износ во однос на одобрените средства од Буџетот на РМ, преку Судски буџетски совет.

| **Преглед на реализирани финансиски средства за 2015 година.** |
|---|
| |
| *О П И С Финансиски средства процент* |
| |
| 1. Вкупно средства добиени од Буџетот на РМ **38.041.309,00 денари 100 %** |
| 2. Потрошени средства-остварени расходи **38.033.428,00 денари 99.98%** |
| 3. Добиени, а непотрошени средства во износ **7.881,00 денари 0.02**% |

**Поконкретно, потрошени средства за плати и придонеси од плати.**

| **Потрошени средства за плати и надоместоци од плата:** |
|---|
| 1. Основни плати и персонален данок 24.668.807,00 денари |
| 2. Придонеси за ПИО, здравство,вработување 9.124.076,00 денари |
| 3. Останати надоместоци 0,00 денари |
| **Вкупно за плати и надоместоци 33.792.883,00 денари** |

**Глобалениот преглед на реализираните буџетски средства за 2015 е следен**

| |
|---|
| 1.Плати и надоместоци од плата 33.792.883,00 |
| 2.стоки и услуги 3.952.637,00 |
| 3.тековни трансвери 287.908,00 |
| **Вкупно 38.033.428,00** |

**Графички приказ на соодносот на потрошените финансиски средства за плати и надоместоци од плати во однос на сите останати трошоци за 2015 година**




Освен плати и надоместоци од плати, другата група на трошоци претставува основа за нормално функционирање на Советот, а се однесува на редовни и тековни трошоци за службени патувања, комунални услуги, греење, комуникации и транспорт, канцелариски материјали, поправки и тековно одржување, договорни услуги, други тековни расходи, објавување на огласи за јавни набавки и избор на судии, семинари и други трошоци.

**Табеларен преглед на оваа група на трошоци:**

| |
|---|
| **Потрошените средства по расходни конта:** |
| |
| **одобрени реализирани остаток** |
| |
| 1. Патни расходи,смес. сл.пат 130.000,00 128.411,00 1.589,00 |
| 2. Пошта,ел.енергија,парно др. 2.230.000,00 2.229.976,00 24,00 |
| 3. Канцел материјал,списанија |
| средства за хигиена и др. 265.000,00 264.527,00 473,00 |
| 4. Поправка, одржување на |
| софтвер,возила и опрема 511.500,00 510.724,00 276,00 |
| 5. Договорни услуги-закуп 600.000,00 596.520,00 3.480,00 |
| 6.Др.тековни расходи,репрез, |
| огласи за избор на судии 224.518,00 222.479,00 2.039,00 |
| **7.Судски решенија за СБС 287.908,00 287.908,00 0,00** |
| 8.привремени вработувања 0,00 0,00 0,00 |

| |
|---|
| **Вкупно 4.248.426,00 4.240.545,00 7.881,00** |

Од прегледот се гледа дека во структурата на потрошените финансиски средства од страна на Советот, освен делот кој се однесува на **платите и обврските од плата на вработените од околу 87,45%,** од другите расходи евидентно најголем дел оди на расходното конто **421-Комунални услуги, греење и комуникација** во износ од 2.229.976,00. Овој износ претставува околу 52,6% од преостанатите финансиски средства потрошени во годината во износ од 4.240.545,00 денари, од кои најголем дел се за **парно греење, електрична енергија и за исплатените реални патни трошоци за избраните членови кои се од внатрешноста.** Споредбено по расходни конта во однос на 2014 година во 2015 година не се забележува некое нагласено отстапување во однос на потрошените финансиски средства.

Од расходното конто 464-Разни трансвери, исплатена е сума во износ од 287.908,00, која во најголем дел се однесува за исплата на средства по решенија на Судски буџетски совет на досудени трошоци за повреда на правото на судење во разумен рок за странски државјани и исплатата се врши преку сметката на Судски совет како налогодавач-резидент. Така да овој износ се прикажува како трошок во буџетот на жиро сметка на Судски совет, иако не е направен за потребите на истиот и вештачки се прикажува поголем износ на потрошени финансиски средства.

***Графички приказ на реализација на буџетот за 2015 година Во Судскиот совет***



Значи, најголемиот дел од буџетските средства се за плати и придонеси од плати, а останатиот дел од средствата од околу 14% за севкупната активност на Советот.

Во текот на 2015 на категоријата 48-капитални расходи, согласно Годишната програма за инвестирање од Буџетот за судска власт во судовите, од страна на Судски совет нема потрошени финансиски средства за оваа намена.

На крајот на годината по извршениот попис на средствата и обврските констатирани се обврски кон добавувачите во износ од 305.378,00 и обврски кон вработените по основ на плата и придонеси во износ од 2.822.522,00 денари.

Значи, иако во текот на 2015 година Судскиот совет располагаше со идентичен износ на финансиски средства во однос на 2014 година, сепак се вклопи во севкупниот амбиент на рационално трошење, кога треба да дојде до израз потребата од одговорно работење и транспарентно располагање со средства на Буџетот на РМ.

## ОЦЕНА ЗА СОРАБОТКАТА И ОДНОСИТЕ НА СУДОВИТЕ СО ДРУГИТЕ ПРАВОСУДНИ ОРГАНИ И ОРГАНИТЕ НА ЗАКОНОДАВНАТА И ИЗВРШНАТА ВЛАСТ

Во текот на 2015 година Судскиот совет ја продолжи успешната соработка со правосудните и другите органи и организации на законодавната и извршната власт. Ваквата соработка произлегува од потребата на Судскиот совет да може непречено да ја врши својата функција предвидена во Законот за Судскиот совет на Република Македонија.

Во таа насока се продолжи соработката помеѓу Судскиот совет на Република Македонија и Министерството за правда, Јавното правобранителство, Народниот правобранител, Државната комисија за спречување корупција и други институции во врска со доставените претставки од страна на граѓаните и правните лица за работата на судиите и судовите. Честопати се јавува потреба од прибавување информации од Министерството за внатрешни работи, Јавното правобранителство и Јавното обвинителство, заради постапување по одредена претставка, со цел за правилно одлучување по истата.

Не помалку значајна е и соработката со Министерството за финансии, Здружението на судии, Здружението на судска админстрација, Советот на судска служба, домашни и меѓународни организации и сродни институции, донатори (УСАИД, Европската комисија, итн.), во делот на размена на информации и планирање на активности кои се однесуваат на оперативното работење на Советот како и планирање и реализација на заеднички проекти за унапредување на работењето на Судскиот совет.

Особено треба да се нагласи соработката на Судскиот совет на Република Македонија со Академијата на судии и јавни обвинители, како и со Советот за јавни обвинители. Соработката со овие две институции произлегува поради реализација на приоритетите предвидени со програмата на Владата на Република Македонија – НПАА. Оттука, Судскиот совет на Република Македонија во координација со Академијата за судии и јавни обвинители и Советот на јавните обвинители на Република Македонија, продолжија со активности во насока на избор на кандидатите за судии и јавни обвинители кои ја завршиле Академијата. Еден од приоритетите во унапредувањето на соработката на Советот со Академијата за судиите е координирање на активностите во однос на размена на податоците за учеството на судиите во континуираната едукација преку поврзување на базата на податоци за судиите од двете

институции, како и преку редовни состаноци заради координација на активностите.

Воедно, од страна на членовите на Судскиот совет се продолжи и со интензивната соработка со претседателите на судовите и судиите во Република Македонија, заради согледување на состојбите во соодветниот суд и тековните проблеми и во рамките на надлежностите, потоа беа преземани соодветни активности заедно со претседателите на судовите за нивно надминување.

Целта на овие активности е да се придонесе за зголемување на довербата на граѓаните кон судската власт, зголемување на личната мотивација на судиите, овозможување понатамошен професионален развој, обезбедување јавност и транспарентност во одлучувањето, што се заедно придонесува за зголемување на независноста и самостојноста на судската власт и потврда на деполитизацијата на судството со акцент само кон лица и судии кои поседуваат високостручни и професионални квалитети согласно со законот.

Во делот на развојот на соработката со судовите и другите институции Судскиот совет особено води сметка за транспарентноста и јавноста при реализацијата на активностите од надлежност на Советот, како и градење професионални кодекси во остварувањето на односите со јавноста, заштита на доверливите информации, а со тоа и угледот и достоинството на судиите.

Една од основните определби на Судскиот совет на РМ во остварувањето на работите од својата надлежност е остварување на начелото на транспарентност и отвореност во работењето и зголемена партиципативност на јавноста. Во делот на градењето и афирмацијата на транспарентност во работата Судскиот совет на РМ продолжува со своите активности со тоа што целокупната работа на Советот е јавна, вклучително и седниците на Советот, освен оние на кои согласно со законот јавноста е исключена. На овој начин се овозможи јавните седници на Советот непречено да ги следат и претставници на медиумите и други релевантни институции.

Судскиот совет на Република Македонија обезбедува редовно и транспарентно објавување информации преку интернет страницата http://www.ssrm.mk за одлуките донесени од страна на Судскиот совет за извршените избори и разрешувања на судиите, објавување на правосилните одлуки за утврдена одговорност на судиите во вршење на судиската функција, одлуки и заклучоци кои се однесуваат на следење и оценување на работата на судиите и судовите, како и за останати активности на Советот.

Судскиот совет на РМ, во рамки на законски утврдените надлежности, настојува отворено и транспарентно да обезбеди проток на информации со цел јавноста и граѓаните на Република Македонија да бидат навремено и точно запознати и информирани за сите активности што ги презема. Притоа Советот, во изминатиот период, беше постојано достапен за комуникација и информирање на сите засегнати страни преку давање интервјуа од страна на Претседателот на советот, учество на голем број прес - конференции, давање на бројни изјави, брифинзи, организација на работни состаноци, работилници, стручни и јавни расправи, работни средби.

Една од заложбите на Судскиот совет е унапредување на структурата и перформансите на интернет-страницата, со што покрај транспарентност во работењето, треба да се постигне повисоко ниво на углед на институцијата што е ориентирана кон интеракција со јавноста и навремено информирање за работењето. Заложба на Судскиот совет е и печатење и промоција на годишни програмски и финансиски извештаи на Судскиот совет во јавноста.

Во текот на извештајниот период во целост се остварени приоритетите поставени во Програмата за работа на Советот и Стратешкиот план на Судскиот совет, донесени и усвоени врз основа на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ и препораките во Извештаите на Европската комисија за напредокот на Република Македонија.

Со цел за обезбедување на конзистентност на реформите донесена е и новата Стратегија за натамошна реформа на правосудниот систем 2016-2020 година, која е продолжение на основите на функционален и ефикасен правосуден систем, преку унапредување на правната и институционалната рамка, како и јакнење на капацитетот на институциите, во согласност со меѓународни стандарди за независно и непристрасно судство. Во насока на обезбедување на принципот на владеење на правото, како и почитување на основните човекови права и слободи и досега беа спроведени реформи во однос на уставната поставеност и организациската структура на судството, така и во однос на останатите аспекти на судството, како што се гарантирањето на финансиската независност, зголемувањето на ефикасноста на судството, воведувањето на објективни критериуми за избор и разрешување на судии, како и зајакнувањето на статусот на Јавното обвинителство.

Од започнувањето на овие значајни реформи може да се констатира дека правната рамка во Република Македонија ги инкорпорира речиси сите значајни меѓународни стандарди за независно и непристрасно судство.

Паралелно, во изминатите години беа спроведени секторски стратегии меѓу кои особено значајна беше Стратегијата за ИКТ во правосудството чија цел беше воспоставување и развивање на модерно и автоматизирано правосудство во Република Македонија.

Потребата за натамошна надградба на реформите во правосудниот систем во Република Македонија, преку донесување на стратешки документ е во согласност со препораките на Европската Комисија, содржани во Извештаите за напредокот на Република Македонија.

Во Стратегијата за реформа на правосудниот систем со Акциски план (2016 – 2020) изготвена со поддршка на експерти преку Проект на ЕК за подготовка на ЕУ Програма за поддршка на секторот правда, се поставени основните стратешки цели за судската власт, но и за Судскиот совет како една од институциите носител во реализација на активностите.

Во наредниот период, како и досега Судскиот совет пред се ќе биде фокусиран на зголемување на ефикасноста на судовите, преку понатамошно јакнење на институционалните и административни капацитети, преку зголемена примена на информатичките технологии и докажани во праксата пристапи и методологии во работата, како и воедначување на судската практика и унапредување на соработката и контролата на повисоките со пониските судови. Исто така, во наредниот период акцент ќе биде ставен и кон активности за јакнење на довербата на јавноста во судството, преку зголемена транспарентност и активности за информирање на заинтересираните страни.

Понатаму приоритетите на Судскиот совет ќе се однесуваат и на обезбедување и гарантирање на независноста на судството во РМ, преку унапредување на процедурите на избор и унапредување на судиите, оценување на нивната работа и на системот за утврдување на одговорност на судиите.

Исто така, судството како една од трите власт во Република Македонија, има потреба од зголемување на независноста во располагање на средства од судскиот буџет, во чии рамки особено значајна е работата на Судскиот буџетски совет (СБС), со што и во наредниот период се очекува да се обезбеди задоволително ниво на судскиот буџет за непречено извршување на функциите на институциите на Судската власт во Република Македонија.

Се наметнува и потребата од поактивно учество на преставници од судската власт во креирање на законските прописи кои се применуваат во

судството. Во следниот период се очекува да се унапреди соработката на институциите на судска власт со другите чинители во општеството и со сродните институции во земјите на регионот и пошироко, за што особено ќе се залага Судскиот совет.

За таа цел, Судскиот совет на Република Македонија и во иднина ќе се грижи за остварување на следните приоритетни активности:

- *Доследна примена и постапување по одредбите од донесената законска регулатива во Република Македонија*
- *Следење на состојбите во судството и поднесување предлози за подобрување*
- *Следење на работата на судиите и претседателите на судовите*
- *Континуирано следење на примената на законите и поднесување иницијативи за изменување и дополнување на законската регулатива*
- *Унапредување на соработката на институциите на судска власт со другите чинители во земјата и светот*
- *Јакнење на институционалните и административни капацитети на институциите на судската власт*
- *Унапредување на примената на ИКТ во судството*
- *Подготовка на периодични и годишни извештаи*
- *Презентација на резултатите од работата во јавноста и активности за подобрување на имиџот на судската власт*
- *Ефикасно и економично извршување на Судскиот буџет*
- *Подобрување на капацитетите на судство за планирање и спроведување на програми поддржани од билатерални и мултилатерални донатори*
- *Унапредување на стручноста и вештините на судиите и судската администрација во РМ*

Натамошното јакнење на независноста и зголемувањето на ефикасноста на судскиот систем, беа и сеуште ќе продолжат да бидат клучни сегменти на кои Судскиот совет на РМ ќе ја темели својата активност. Тргнувајќи од потребата за постоење на законски гаранции за фер судски постапки, како и цврста правна рамка и конзистентни институции за да се зајакне една доследна политика за заштита и одвраќање од корупција, натамошните подобрувања на судскиот систем се од најголемо значење.

Судскиот совет на Република Македонија, секојдневно, преку остварување на своите функции согласно со Уставот и законите, ќе продолжи да го заштитува, но и да обезбедува независно, непристрасно, професионално, стручно, ефикасно, ефективно, отчетно и транспарентно судство, засновано на општоприфатените стандарди за владеење на правото со доследна примена на Уставот, законите и ратификуваните меѓународни договори, кое ќе ја има довербата на граѓаните.

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**Зоран Караџовски**